Согласно Г2 програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за 2022 година, Секторот за Туризам и ЛЕР при општина Охрид објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

## За откуп на фотографии со мотиви од Охрид (културни, историски и природни убавини)

I

Предмет на Јавниот повик е откуп на фотографии со мотиви од Охрид (културни, историски и природни убавини) согласно Г2 програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за 2022 година.

II

Секторот за Туризам и ЛЕР согласно програмата за 2022 година има определено средства во износ од 300.000,00 денари.

Откупот ќе се реализира преку:

- Откупување на фотографии со мотиви од Охрид кои до сега не се користени во рамки на други промотивни материјали за Охрид.
- Износот по фотографија да не надминува 7.000,00 денари во бруто износ по фотографија.

III

На јавниот повик право на пријавување имаат сите заинтересирани субјекти, правни и физички лица кои се занимаваат со изработка и продукција на фото и видео материјал.

IV

Доколку се работи за физичко лице, лицето мора да достави изјава за авторско право над фотографиите, во согласност со Законот за авторско право и сродните права (Службен весник на РСМ бр. 23/2005, бр. 115/2010, бр. 140/2010; бр. 51/2011; бр. 147/2013; бр. 154/2015 и бр. 27/2016) и потпишана изјава дека фотографиите не се претходно користени во други промотивни материјали за Охрид во рамки на промотивни кампањи на приватни компании или јавни институции.

Доколку се работи за правно лице/компанија треба да достави писмена изјава од авторот на фотографијата, како и изјава за ставање на авторски права за избраните фотографии на компанијата која располага со истите, како и изјава дека фотографиите не се претходно користени во промотивни кампањи на приватни компании или јавни институции.

Во прилог на барањето за доделување на финансиските средства (Прилог 1 од Правилникот) и потребната документација, правните лица треба да ја доставаат и следната документација:

1. Решение за регистрација ДРД образец (оригинал или копија со печат и потпис на поднесувачот);
2. Потврда за платени даноци, придонеси и други давачки од надлежен орган;

V

Средствата за откуп на фотографии со мотиви од Охрид ќе се извршат врз основа на евалуацијата за исполнување на следната спецификација и следните критериуми:

| Критериуми |
|---|
| Фотографиите треба да бидат доставени во дигитален JPEG формат со резолуција помеѓу 12 до 50 мегапиксели и во печатен формат |
| Фотографиите не треба да бидат постари од 5 години |
| Фотографиите не треба да се претходно објавувани во весници, каталози, списанија или да учествувале на други конкурси |

| Спецификација |
|---|
| Културно-историски споменици, традиции, фолклор, манифестации, природни убавини од Охрид |
| Планински пејсажи во четири годишни времиња од планини во Охрид |
| Активен туризам – параглајдерство, велосипедизам, планинарство ... |
| Национален парк Галичица |

Комисијата е должна во рок од 10 дена по крајниот рок за доставување на барањата да состави ранг листа, согласно горенаведената спецификација и критериумите. Откупот на фотографии со мотиви од Охрид ќе се врши се додека не се потрошат средствата од член 2.

VI

Баратели треба да ги достават следните документи:

1. Пријава на јавен повик во 2 примероци која содржи име и презиме (ако се работи за физичко лице) или назив на компанијата (ако се работи за правно лице). Во пријавата да биде наведено со колку фотографии се пријавува учесникот на конкурсот, како и поединечна цена за секоја фотографија која нема да надмине 7.000,00 денари во бруто износ по фотографија.
2. Печатена форма на секоја од фотографиите.
3. Линк до Dropbox или Google Drive од електронско портфолио на кој ќе се содржани фотографии кои ќе учествуваат на јавниот повик. Линкот треба да се испрати на e-mail: info@ohridler.gov.mk Здолжително во мејлот да не наведат податоци за испраќачот (име и презиме).

Документите се доставуваат по пошта или директно во Архивата на општина Охрид во затворен плик со назнака: НЕ ОТВАРАЈ – ЈАВЕН ПОВИК ЗА ОТКУП НА ФОТОГРАФИИ.

VII

По донесеното решение за избор на квалификуваните барања, добитникот треба да ги достави во рок од 10 дена:

- Фотографиите да се достават во JPG/JPEG/TIFF формат во висока резолуција 300 DPI;
- На фотографиите треба да биде наведена локацијата;

- Избраните фотографии дополнително да бидат доставени во оргинален формат, во дигитален JPG/JPEG/TIFF формат, со висока резолуција соодветна за печатење постери од 20 до 100 mb.

Понудувачот е должен фотографијата или фотографиите да ги достави целосно артистички и графички обработени.

VIII

Фотографиите кои ќе содржат модели (личности) треба да бидат доставени со договор за согласност од личноста која е фотографирана (Model Release договор), доколку се работи за фотографии со малолетни лица задолжително и доказ за согласност од родител или старател. По откупување на ваквиот вид фотографии општина Охрид нема обврска за плаќање на било каков надоместок на личноста која е фотографирана.

Општина Охрид како и Комисијата не подлежат на одговорност во случај на злоупотреба на авторските права од страна на самите учесниви или трети лица за фотографиите пријавени на конкурсот.

Општина Охрид може да ги користи фотографиите неограничен број пати за потребите на општина Охрид

Вработените во општина Охрид како и членовите на комисијата немаат право на учество на јавниот повик.

IX

Рокот на поднесување на пријавата за јавниот повик е 14 дена од денот на објавата на јавниот повик, а пријавата на јавниот повик за откуп на фотографии подносителите можат да ја најдат на официјалната веб страна на општина Охрид www.ohrid.gov.mk

Непотполните и задоцнетите пријави, нема да бидат разгледувани од страна на Комисијата.

Кандидатите кои нема да бидат избрани на јавниот повик ќе бидат известени во рок од 14 дена.

Градоначалник на општина Охрид
Кирил Пецаков

Одобрил: Ѓоко Апостолов